Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 395/2025 за вработување на административен службеник во Министерството за дигитална трансформација**

1. За извршител за работно место број 1. Помошник раководител на сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка и управување со човечки ресурси, во Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка и управување со човечки ресурси, со шифра на работно место УПР0101Б03000, се избира кандидатот **Дени Милевски.**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за администрација на ден 30.05.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер” и „Коха” објави јавен оглас за вработување на еден административен службеник во Министерството за дигитална трансформација.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-1194/3 од 20.06.2025 година како и Решение за измена на решение за формирање комисија за селекција за вработување по јавен оглас со архивски број 10-1194/6 од 04.07.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 395/2025 на ден 20.06.2025 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-1194/4 од 23.06.2025 година.

На ден 03.07.2025 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, комисијата за селекција за вработување го спроведе


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски” бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

испитот за административен службеник за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1194/5 од 03.07.2025 година.

На ден 07.07.2025 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1194/7 од 07.07.2025 година.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 395/2025 во Министерството за дигитална трансформација, број 10-1194/8 од 08.07.2025 година, државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**

Гордана Клинчарова



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk